Прашањето на референдумот гласеше: Дали сте за суверена и независна држава Македонија, со право на влез во иден сојуз на суверени држави на Југославија? ЗА ---- ПРОТИВ

Иако во Германија не е дозволено гласање за друга држава, Ние одржавме состанок со службеници во берлинската полиција и ни беше кажано: Во Германија официјално не е дозволено, Вие сепак одржетего гласањето за референдум, ние неофицијално ќе внимаваме да немате некои проблеми и нека Ви е со среќа.

И така направивме, комисијата во Берлин составена од членови на Црковниот Одбор, Клубот Гоце Делчев и Задграничниот Комитет на ВМРО-ДПМНЕ организираме Референдум и на крај изготвивме записник со резултатот и го испратив по факс до Комисијата за организирање Референдум во Македонија.

ЗА гласаа 97 %, незажечки или против 3%.

САД, Канада и Австралија гласањето беше извршено предвреме, сите гласачи кои излегле се изјасниле позитивно, односно 100% ЗА.

Кога контактирав вечерта по гласањето со комисијата им го кажав резултатот, ми беше кажано испрати го записникот на факс, гласачките ливчиња не ги испраќај, поштата оди преку Белград и ќе ги фрлат.

Референдумот е успешен, благодарност на сите во Берлин и цела Дијаспора и нека ни е честито САМОСТОЈНА СУВЕРЕНА МАКЕДОНИЈА.

Македонија гласаше вака:

-Гласачко тело 1.495.807

-Вкупниот број граѓани кои гласале ЗА: 1.079.308 или 95,26%

-Против 39.639 или 3,54%

-Неважечки или празни ливчиња 14.034 или 1,24%

-Вкупно гласови 1.132.981 или 100.00%

ЗА гласале:

-Берово 95,47 %, Битола 70 %, Валандово 70 %', Виница 93,26 %, Гевгелија 87 %, Гостивар 30,3 %, Дебар 30 %, Делчево 93,30 %, Демир Хисар 90 %, Кичево 28 %

-Берлин ЗА гласале 97 %, незажечки или против 3%.

-САД, Канада и Австралија гласањето беше извршено предвреме, сите гласачи кои излегле се изјасниле позитивно, односно 100%.

***До***

***Комисијата за спроведување Референдум***

***Собрание на Македонија, Скопје***

Ви се јавуваме во името на Македонскиот Самоуправен Одбор (МСО) претставништво во Берлин Германија.

По повод спроведувањето на референдум на сите граѓани на Република Македонија, ве исвестуваме дека ние Македонците на привремена работа во Берлин нашето гласање ќе го извршиме во Македонскиот Клуб „Гоце Делчев“....

Берлин, 26.08.1991

До                                                   БЕРЛИН 26.08.1991

Комисијата за спроведување на Референдум

Собрание на Македонија , Скопје

Ви се јавуваме во името на Македонскиот Самоуправен Одбор (МСО) преставништво во Берлин Германија.

По повод спроведувањето на референдум на сите граѓани на Република Македонија , ве известуваме дека ние Македонците на привремена работа во Берлин нашето гласање ќе го извршиме во Македонскиот клуб "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ " .

За секоја информација со телефакс користетего следниот број :

Телефакс 9949-30-8815849 , Телефон 9949-30-6052638 Пиркоски Јанко или телефон 9949 - 30-8838549 Јаковлески Мане.

Адресата на Македонскиот клуб "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" е следната :

МАКЕДОНИШЕ КЛУБ
"ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
ФЛЕМИНГШТР 12
1000 БЕРЛИН 21
Б.Р.ДЕУТШЛАНД

Ве молиме сите информации да ни ги испратите што поскоро ,да и ние имаме повеќе време да ги известиме нашите сограѓани.

со братски поздрав
Јанко Пиркоски
Маноил Јаковлески

02/09 '91 11:29 ☎48 91 623 565 EURO SHIPPING PL ☑006

Образец бр. 4

ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ

ЗА ПРЕДХОДНО ИЗЈАСНУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ
ШТО ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА ДЕН 8. СЕПТЕМВРИ 1991 год.

ДАЛИ СТЕ ЗА СУВЕРЕНА И САМОСТОЈНА ДРЖАВА МАКЕДОНИЈА, СО ПРАВО ДА СТАПИ ВО ИДЕН СОЈУЗ НА СУВЕРЕНИТЕ ДРЖАВИ НА ЈУГОСЛАВИЈА?

"ЗА" "ПРОТИВ"

Печат на Република Македонија
републичка комисија
за спроведување на референдумот

AMBASADA SFRJ BON
Broj:2174/RP 0699-91
30.08.1991.

teleks - otvoreno
H i t n o

S S I P - III Uprava
- Svim DKP SFRJ u SRN,Odeljenju Berlin (za informaciju) -

Predmet: Referendum u Republici Makedoniji

Molimo da Ministarstvu za odnose sa inostranstvom Republike Makedonije prosledite sledeće:

"Nakon prijema vešeg telefaksa br.1301-717/8 od 28.8.1991. godine uspostavili smo kontakt sa nadležnim u MIP-u SRN da bi smo predupredili da u sprovodjenju ackije eventualno dodjemo u sukob sa pozitivnim propisima SRN. Na njihov zahtev predali notu, u kojoj smo ukazali na vašu nameru kako da organizujete izjašnjavanje dopisnim putem. MIP odgovorio da nema ništa protiv da Ambasada (a i druga DKP SFRJ u SRN) zamoli jugoslovenske klube i udruženja, crkvene opštine i druge forme organizovanja jugoslovenskih državljana da radi omogućavanja glasanja putem pisma o predstojećem referendumu sastave liste državljana R.Makedonije, koji imaju pravo glasa. MIP ukazuje na to da klubovi, udruženja i dr. ovo treba da rade na bazi dobrovoljnosti i da se pritom pridržavaju važećih nemačkih propisa vezanih za Zakon o zaštiti podataka. Obaveza je Ambasade i konzulata da im na ovo izričito ukažu.

Prema tome, Ambasada i konzulat će uputiti u ovom smislu pisma klubovima, udruženjima i dr. i ukazati da samo gradjani, koji žele učestovati na referendumu, mogu biti upisani u Listu glasača (birača). Na Listi će biti podaci koje ste tražili. Tako sačinjena lista treba da se odmah dostavi Republičkoj komisiji za sprovodjenje referenduma u Skopje, koja će zatim na adrese klubova, udruženja i dr. poslati glasačke lističe, koji gradjani pojedinačno dostavljaju Komisiji u skladu sa odlukom "tzv. dopisnog glasanja"(Briefwahl).

- 2 -

Kao što smo već najavili, pobrinut ćemo se za publicitet o modalitetima učešća na referendumu u emisijama ovdašnjeg radija namenjenim našim gradjanima.

F r l e c



Македонски Клуб
"Гоце Делчев"
Flemingstr. 12
1000 BERLIN 21
Тел. 393 88 91

Берлин 01.09.91
Info09.91

СООПШТЕНИЕ

ДО СИТЕ ГРАЃАНИ НА МАКЕДОНИЈА

На ден 08.09.91 год. почнувајќи од 10часот предпладне во просториите на Мекедонскиот клуб "Гоце Делчев" во Берлин, ќе се одржи гласање по повод референдумот распишан од страна на владата на Македонија за СУВЕРЕНА И САМОСТОЈНА ДРЖАВА МАКЕДОНИЈА, СО ПРАВО ДА СТАПИ ВО ИДЕН СОЈУЗ НА СУВЕРЕНИ ДРЖАВИ НА ЈУГОСЛАВИЈА.

Према тоа ги молиме сите граѓани на Македонија, кои се наоѓаат на привремена работа, или се дојдени тука во Берлин, односно не можат на овој датум да бидат во Македонија, да ги понесат своите патни исправи и повелат да ја исполнат својата граѓанска должност према МАКЕДОНИЈА.

Исто така ве молиме, во колку имате ваши познати кои можеби не се обавестени од нас, пренесете им го вие сами ова соопштение, како би можеле и они да дојдат и го дадат својот глас.

Со поздрав.

Претседател
Тримчески Симе

---------------------



Берлин
Германија
06 . 09 . 1991

Соопштение

До сите граѓани на Македони[...]

По повод референдумот, распишан од страна на Парламентот на Македонија за суверена и самостојна држава Македонија, со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија – Македонскиот клуб „Гоце Делчев", Македонската православна црковна општина „Свети Климент – Охридски" и секцијата на ВМРО-ДПМНЕ од Берлин – го имаат превземено сит[...] активности за поуспешно спроведување на референдум[...] Атмосферата во Берлин е на високо ниво во погл[...] со право се очекува гласањето да биде успешно.

Со одлуката на Македонскиот народ да живе[...] во самостојна држава Македонија се отвара патот на нас Македонците во Дијаспората за поголемо ангажирање и подигнување на стопанското ниво на Македонија.

Со братски поздрав до сите граѓан[...] на Македони[...]

Македонски клуб „Гоце Делчев"